РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 04-917/12
21.11.2023 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Врз основа на чл.45 ст.1 од Закон за Административни службеници („Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16, 11/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) а имајќи го во предвид Предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас бр.10-1786/7 од 16.11.2023 година заведено под број 04-917/11 од 21.11.2023 година, Градоначалникот на Општина Валандово, донесува

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат за вработување на административен службеник по Јавен Оглас бр.386/2023**

**1.** По Јавниот оглас бр. 386/2023, за работното место УПР0101В04000, Помлад соработник за администрирање на локални даноци и такси, Одделение за финансиски прашања и јавни набавки, **СЕ ИЗБИРА** кандидатот:

**Несрин Зулфиќарова**, со идентификациски код 92EBB42.

2. Решение за вработување на избраниот кандидат, ќе се донесе по конечноста на оваа Одлука.

3. Ова Одлука ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на објавениот Јавен оглас бр.386/2023, за потреба од вработување на административен службеник во Општина Валандово, објавен на ден 07.10.2023 година во дневните весници Нова Македонија, Вечер и Коха, како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација, за работното место УПР0101В04000, Помлад соработник за администрирање на локални даноци и такси, Одделение за финансиски прашања и јавни набавки, Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас, формирана со Решение со број 10-1786/3 од 10.10.2023 година, ја спроведе пропишаната постапка за вработување, која се состои од административна селекција, испит за административен службеник, проверка на веродостојноста на докази и интервју и изготви конечна ранг листа од сите фази на селекција и до Општина Валандово достави Предлог кандидат за вработување по предметниот Јавен оглас.

Имајќи ја во предвид спроведената постапка од сите фази на селекција за вработување, конечната ранг листа и дадениот предлог за вработување на кандидати, Градоначалникот на Општина Валандово како раководно лице, врз основа на член 45 ст.1 од Закон за Административни службеници, одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

**Правна поука:** Против Одлуката за избор, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за Администрација во рок од осум дена од денот на објавување на одлуката на интернет страницата на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Доставено до:**
Архива
Кандидатот
Аген.за администрација

Општина Валандово
Градоначалник
Перо Костадинов

Изработил: С. Димитров
Контролирал: С.Христова Јовановиќ
Одобрил: М.Чурлинова Јорданова